WORLD BANK GROUP

РЕДОВЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН бр.17 | пролет 2020

Економско и социјално влијание од КОВИД-19

ФИНАНСИСКИ СЕКТОР



"Ти и јас" - Тања Бурзановиќ, Црна Гора

РЕИ бр.17 е збирка на белешки за економското и социјално влијание од КОВИД-19 кој беше објавен во три дела. Првиот дел беше објавен на 29-ти април и се фокусираше на макроекономското влијание од КОВИД - 19. Вториот дел, објавен на 29-ти мај, покажува како макроекономското влијание ги погодува луѓето во регионот. Овој трет дел се фокусира на специфични области за економски политики - фискален, надворешен и финансиски сектор, и влијанието од кризата врз приватниот сектор како што е соопштено од фирмите.

РЕИ - Белешка за финансискиот сектор: Ранливост, ублажување и опции на политиките[1]

- *Финансискиот сектор може да направи многу за ублажување на влијанијата на КОВИД-19 врз реалната економија преку обезбедување финансирање за премостување и преку преструктуирање на заемите за фирмите што можат да опстанат за да им помогне да ги ублажат влијанијата на кризата, да усвојат ново оперативно опкружување и на крајот, да придонесат во фазата на закрепнување.*
- *Ранливостите на финансискиот сектор што се појавија имаат поголемо влијание врз пазарите во раст како што е Западен Балкан чии финансиски системи се помалку подготвени за пребродување на шоковите.*
- *Иако националните финансиски сектори во регионот се генерално стабилни, неопходно е внимателно да се следат трендовите на кредитирањето и на ликвидноста бидејќи КОВИД-19 е најсериозна закана, глобално и локално, од 2008 година наваму.*
- *Продолжениот финансиски стрес ќе бара мерки за спречување на трупањето на ризиците по финансиската стабилност.*

1. **Ескалирањето на епидемијата на КОВИД-19 претставува шок како за понудата така и за побарувачката чиј целосен интензитет, времетраење и финансиските, фискалните и социјалните последици сé уште не се јасни.** Брзото глобално ширење на вирусот достигна пандемски пропорции и предизвика донесување итни мерки – намалувања на каматните стапки, поддршка за ликвидноста, одложувања на плаќањето на даноците, забрани за патувања, задолжително затворање на бизниси, ограничувања на собирите – за да се ограничи ширењето, да се ублажат нарушувањата на економската активност и да се спречат потресите на финансиските пазари. Иако во регионот почна постепено ублажување на мерките за ограничување, домаќинствата и фирмите, особено МСП се соочуваат со огромен пад на приходите, нарушување на синџирите на снабдување, построги услови за кредитирање и криза на ликвидноста; сето тоа предизвикува одложување на испораките и на исплатите и предизвикува загуба на работни места и на крајот затворање и стечај на фирмите. Помалата профитабилност, понискиот квалитет на средствата и падот на растот на кредитирањето може да бидат втор удар на ефекти врз реалната економија и да ја загрозат финансиската стабилност. Нарушувањата поради недостигот на кадар во финансиските институции и во регулативните агенции може да влијаат врз давањето на финансиските услуги. Нагласената несигурност и избегнувањето на ризикот кај инвеститорите може да ги зголеми трошоците за финансирање како на надворешните така и на локалните пазари на капитал.

А. Слика на финансиските сектор во Западен Балкан денес

[1] Оваа белешка е подготвена од Рувејда Алиефендиќ, Гунхилд Берг, Келер Ѓика, Јохана Јегер, Алена Кантарович, Алпер Ахмед Огуз, Блерта Ќерими и Нан Жоу. Се користеа коментарите на Марио Гуадамилас, Микел Дијкман. Марк Тобиас, Шифбауер, Идит Кикони и Енрике Бланко Армас.

2. **Иако националните финансиски сектори во регионот се генерално стабилни, неопходно е внимателно да се следат трендовите на кредитирањето и на ликвидноста бидејќи КОВИД-19 претставува најсериозна закана, глобално и локално, од 2008 година наваму.** Додека земјите во регионот се справуваат со целокупното влијание на пандемијата, тие ја имаат предноста дека показателите на нивните финансиски системи се генерално солидни. Во целина, банките се доволно капитализирани, ликвидни и профитабилни, а показателите со тек на време се подобрија. Со состојба од 2019 година, адекватноста на капиталот на банките во просек беше 18,3 проценти, далеку над регулаторниот минимум. Споредено со 1,7 проценти во претходната година, профитабилноста мерена според повратот на средства, нешто се намали на 1,6 проценти, но односот на ликвидни и вкупни средства во просек беше 29 проценти, а односот на кредити и депозити е под 100 во сите земји (во Табела 1 се дадени показателите и трендовите). Напуштањето на кредитирањето изразено во евра напредува бавно, но стабилно, а износот на отворени кредити во странски валути е во опсег од 41 проценти од вкупните кредити во Северна Македонија до скоро 70 проценти во Србија. Постои и значителен индиректен кредитен ризик од изложеноста на необезбедени заемопримачи во случај на депрецијација на валутата. Банките – што доминираат во финансиските системи во регионот – генерално следат потрадиционални бизнис модели главно финансирани со локални депозити – споредено со оние во ЕУ и финансиското посредување и понатаму е на ниско ниво. Истовремено, земјите од Западен Балкан имаат мали отворени економии со банкарски сектори во кои доминираат странци што ги прави ранливи од надворешни шокови.

3. **Растот на кредитирањето е позитивен од крајот на 2019 година со побрз раст на кредитирањето на домаќинствата отколку на бизнисите што бара повнимателно следење.** Особено кредитирањето на домаќинствата растеше стабилно во сите земји од регионот, поддржано од ниските каматни стапки, стабилните услови за банкарско кредитирање и од силната доверба на потрошувачите. До крајот на 2019 година, отворените кредити за домаќинства во регионот растеа со просечни 9 проценти (6 проценти за компаниите). Со продолжувањето на високиот раст на кредитирањето на домаќинствата и со долгите рокови на доспевање на ненаменските кредити во некои земји, ризиците и ранливостите бараат да им се посвети внимание. Косово повторно забележа најсилен раст на кредитирањето на приватниот сектор со нешто над 10 проценти во декември 2019 година (на годишно ниво) со олеснувањето на условите за кредитирање како резултат на посилната побарувачка. Следна беше Србија со раст на кредитирањето на приватниот сектор за над 8 проценти како резултат на здравиот раст на побарувачката поттикнат од главно неутралните услови за кредитирање. Кредитирањето во Босна и Херцеговина (БИХ) и во Црна Гора беше 6-7 проценти. Во Албанија, со постепеното подобрување на побарувачката се забрза и растот на кредитирањето достигнувајќи 6 проценти во 2019 година.[2] Кредитниот раст во Северна Македонија забави во втората половина од 2019 година како резултат на падот на корпоративното кредитирање под влијание на отписите на НФК, од околу 8 проценти на почетокот на 2019 година на нешто над 6 проценти на крајот на година (Слика 1). И покрај генералниот напредок во продлабочувањето на пазарите на кредитирање во Западен Балкан, домашните кредити на приватниот сектор и понатаму значително заостануваат зад нивото на ЕУ.

[2] Анкета за банкарското кредитирање на ЦЕСЕЕ за П2 2019.

Слика 1. Вкупните кредити и понатаму растат низ регионот.

(Промена на кредитирањето на нефинансискиот приватен сектор, проценти, на годишно ниво)



Извор: ИФС ММФ, централните банки.

Слика 2. Кредитите на домаќинства растеа доследно, но не и кредитите на фирмите.

(Промена на кредитирањето, декември 2019 година, проценти, на годишно ниво)



Извор: централните банки.

Забелешка: Доследните податоци за растот на кредитирањето на приватниот сектор во Албанија, БИХ, Република Северна Македонија и во Србија се од Интернационалната финансиска статистика (ИФС) на ММФ. Податоците за кредитирањето на домаќинствата и на корпорациите се од националните централни банки. Другите анкетирани депозитарни корпорации се изразени во локална валута (евра за Косово). Податоците за Црна Гора се базираат на статистиката за кредитирањето на резидентите на централните банки, но не за властите и финансиските институции.

4. **НФК се намалуваат во сите земји, но помрачувањето на економските перспективи се очекува неповолно да влијае врз квалитетот на средствата и да ги одврати банките од кредитирањето.** Низ 2019 година, регионалниот просек на НФК повторно се намали на 5,3 проценти за вкупните кредити, завршувајќи со нивото пред финансиската криза од околу 4,4 проценти. НФК во Косово се најниски во регионот, но иако со стабилен надолен тренд, НФК и понатаму се високи во Албанија со 8,4 проценти и во БИХ со 7,7 проценти (Слика 2). Неодамнешните реформи помогнаа постојано да се намалуваат НФК во Албанија, во ентитетот Република Српска во БИХ и во Косово. Во јули 2019 година, Банката на Албанија усвои рамка за доброволно вонсудско банкарско преструктуирање на големите НФК. Црна Гора го прошири опфатот на кредитниот регистар за подобрување на капацитетите на заемодавачите за проценка на кредитниот ризик и ги усогласи своите прописи за управување со кредитниот ризик со стандардите на Европското надзорно тело за банкарство. Меѓутоа, постојат индикации дека во многу земји и покрај подобрувањата во пријавените НФК, финансиската состојба на корпоративните заемопримачи и понатаму е проблематична. Сега ќе биде уште поважно да се зајакнат режимите за инсолвентност на корпорациите и на потрошувачите за да се справат со неплаќањето на кредитите и со НФК.

Табела 1: Банките се доволно капитализирани, ликвидни и профитабилни со тренд на подобрување со тек на времето (проценти).

Економија	Стапка на адекватност на капиталот	Ликвидни средства во однос на вкупни средства	Однос на кредити и депозити	Поврат на средства	Поврат на актива	Стапка на НФК
Албанија	↑ 18,3	35,7	54,0	1,5	13,4	↓ 8,4
Босна и Херцеговина	↑ 18,1	29,6	88,7	1,4	11,1	7,4
Косово	15,9	28,9	77,6	2,1	18,4	2,0
Црна Гора	↑ 17,7	↓ 20,8	88,1	↑ 1,3	↑ 10,0	5,1
Северна Македонија	↑ 16,3	24,0	↓ 83,8	1,3	13,5	4,6
Србија	23,4	36	91,58	1,8	10,5	4,1

Забелешка: Статистиката во проценти се базира на информациите достапни на 15 април 2020 година. Тие ги отсликуваат условите во финансиските системи со состојба во декември 2019 година. Односот на ликвидни и вкупни средства за Албанија се однесува на поширокатa мерка објавена од Банката на Албанија. Стрелките лево од вредностите укажуваат на промени над една историска стандардна девијација надвор од најновиот тригодишен просек. Иконите на десната страна ја илустрираат еволуцијата на показателот во текот на деценијата.

Б. Ранливост на финансискиот сектор

5. **Финансиските системи се погодени преку четири главни канали.** Влијанието на кризата врз финансискиот сектор зависи од способноста на секторот да ублажи четири ризици: (а) *Пазарниот ризик:* Акутните промени на чувствата на инвеститорите заедно со зголемената несигурност може да ги подигнат трошоците за финансирање како на меѓународните така и на домашните пазари и за владите и за приватниот сектор; (б) *Ризик за ликвидноста:* Нестабилноста на пазарите веќе ја поттикна побарувачката за ликвидни средства. Зголемената побарувачка за инструменти во странска валута особено може да предизвика сериозна криза на ликвидноста; (в) *Кредитен ризик:* Помрачувањето на економските перспективи ќе ги зголеми НФК и ќе ги одврати банките и небанкарските институции од кредитирање за поддршка на активностите во реалната економија. Кредитните ризици се нагласуваат коа фирмите и домаќинствата што веќе имаат недостиг на пари имаат обврски по долгови што мора да ги извршат, а не успеваат да го премостат финансирањето за да ја покријат загубата на приходите; (г) *Ризик по заработките и отпорност:* Претходните ризици ќе ги ослабат заработките и профитабилноста на финансискиот сектор, особено ако опстојат напнатите услови.

6. **Овие ризици имаат поголемо влијание врз пазарите во развој како што е Западен Балкан чии финансиски системи се помалку подготвени за пребродување на шокови.** Властите мора да се справуваат со нестабилните пазари на финансирање дури и ако нивните потреби и трошоци за финансирање растат, странскиот капитал истекува, а однесувањето на инвеститорите станува понепредвидливо. Во март е забележан одлив на портфолио инвестиции од Европа во развој во

износ од околу 4,8 милијарди УСД од кои 3,3 милијарди УСД се одлив на актива, а 1,4 милијарди УСД одлив на долг.[3] Пандемијата на КОВИД-19 предизвика и тешки шокови на пазарот на хартии од вредност, со намалување на вредноста на европската актива за 10 проценти и намалување на СиП 500 за дури 25 проценти од врвот на почетокот на февруари.[4] Исто така, во регионот БЕЛЕКС15 (Србија) загуби околу 15 проценти од вредноста од нејзиниот врз во февруари, МБИ10 (Северна Македонија) загуби околу 20 проценти. Финансиските врски, особено со ЕУ, добија на значење како резултат на интеграцијата на финансиските пазари на Западен Балкан, а прекуграничната изложеност на финансиските институции ги прави земјите ранливи од прелевање од другите делови на регионот. Регионот многу се потпира и на приливот на дознаки (скоро 10 проценти од БДП во 2018 година) што е тешко погоден од кризата. Високата неофицијална евроизација претставува ризик за финансиската стабилност во земјите каде банките се под закана на индиректен кредитен ризик поради нивната изложеност на необезбедените заемопримачи и поради можната зголемена побарувачка за инструменти во странска валута. Иако НФК се намалуваат низ целиот регион тие и понатаму се високи во Албанија и во БИХ. Ефектот од заматените економски перспективи врз квалитетот на средствата и врз спремноста на банките да позајмуваат може да создаде маѓепсан круг на супстандардна успешност на финансискиот сектор и пад на економскиот раст.

7. **Другите ризици произлегуваат од монетарните ограничувања и ограничувањата на управувањето со кризите и од ранливоста на приватниот сектор.** Во однос на спречувањето на кризите, БИХ, Косово и Црна Гора имаат мала контрола врз своите монетарни политики што има го отежнува управувањето и поддршката на ликвидноста. Иако во последната деценија се забележани значителни подобрувања, низ регионот и понатаму има слабости во постојното управување со кризи, рамките за супервизија и за затворање. Исто така, ранливоста на приватниот сектор произлегува од комбинација на оние фактори како што е нивото како на корпоративниот така и на долгот на домаќинствата и валутната и рочната структура на долгот. Особено финансиското здравје на компаниите предизвикува загриженост поради долгот од кризата во 2008-09 што сé уште не е разрешен.

B. Ублажување на ранливоста на финансискиот сектор и поддршка на ликвидноста на компаниите

8. **Финансискиот сектор може многу да направи да помогне да се ублажи влијанието на КОВИД-19 врз реалната економија.** Банкарското финансирање за премостување и преструктуирањето на кредитите за солидните заемопримачи кои имаат недостиг од готовина може да им помогне да го ублажат влијанието на кризата, да усвојат ново оперативно опкружување и евентуално да придонесат во фазата на закрепнување. Овде, кредитните линии и делумните кредитни гаранции[5] може да обезбедат дополнително финансирање за да се одржат

[3] IIF Capital Flows Tracker, April 2020.

[4] World Bank. 2020. "'Fighting COVID-19 Europe and Central Asia Economic Update (Spring)." Washington DC: World Bank.

[5] За повеќе информации види Principles for Public Credit Guarantee Schemes for SMEs: http://documents.worldbank.org/curated/en/576961468197998372/pdf/101769-REVISED-ENGLISH-Principles-CGS-for-SMEs.pdf .

перспективните претпријатијата и да се обнови текот на кредити за да се поттикнат инвестициите. Во фазата на закрепнување, извозниците и фирмите интегрирани во синџирите на снабдување исто така би имале корист од прилагодено финансирање на извозот, факторинг и механизми за осигурување на кредитите. Мерките во финансискиот сектор за поддршка на економијата треба да бидат широки, транспарентни и брзи со истовремено водење сметка за грижите за финансиската стабилност. Вонредните мерки треба да бидат временски ограничени и да имаат јасни излезни стратегии.

9. **Прудентните мерки можат разумно да создадат капитален простор за банките да продолжат со кредитирањето.** Тоа може да се направи преку ослободување на контрацикличните капитални бафери, ослободување на баферот за резерви и привремена забрана за исплата на бонуси на раководителите, исплата на дивиденди или откуп на сопствени акции. Земјите можат да воведат и регулативни мерки за воздржување како што се привремени, добро насочени мораториуми на отплатата на кредити. Други мерки, особено замрзувањето на класификацијата и резервациите би можеле брзо да им создадат сериозни ризици ма банките како и на корисниците, а со тоа одговорот на супервизијата да стане уште попредизвикувачки освен ако тие не се привремени и внимателно следени. Поради тоа, тие треба внимателно да се проценуваат од случај до случај.[6]

10. **Истовремено, продолжениот финансиски стрес ќе бара мерки за спречување на таложење на ризици по финансиската стабилност.** Централните банки и супервизорските органи ќе треба поинтензивно да ја следат финансиската состојба, особено трендовите на кредитирањето и на ликвидноста. За да се спречи вториот бран влијанија врз економијата и да се поддржи финансиската стабилност ќе биде критично да се изградат рамки за макропрудентна, стечајна и финансиска безбедносна мрежа со што ќе може брзо да се разрешат проблемите на фирмите во криза и брзо да се помогне да се ублажат неплаќањата што ја уништуваат вредноста низ синџирите на снабдување, да се ослободи финансискиот стрес и да се одржи текот на кредити за да се поддржи економијата.

11. **Органите во финансискиот сектор во регионот веќе направија чекори за ограничување на економските последици и за одржување на финансиската стабилност.** Тие тесно ги следат ликвидноста и трендовите на кредитирањето во светлината на сé поголемата загриженост за финансиската стабилност. Регулативните и супервизорските органи во Албанија, БИХ, Косово, Црна Гора и во Србија воведоа регулативни мерки за воздржување како што се мораториуми на отплатата на кредити и промени на класификациите на кредитниот ризик (БИХ). Народната банка на Северна Македонија го продолжи бројот на денови на неплаќање по кој кредитот се смета за нефункционален, а во Албанија, БИХ и во Црна Гора, супервизорските органи ја суспендираа исплатата на дивиденди и бонуси во банките.

12. **Што се однесува до монетарната политика, централните банки на Албанија, Северна Македонија и Србија ги намалија референтните каматни стапки.** Србија отвори и програма за поддршка на ликвидноста за банки преку репо и своп трансакции, а Северна Македонија ги промени условите за денарските резерви за новите и за репрограмираните кредити и одложена примена на условите за ликвидност за да им се овозможи на банките да се фокусираат на давањето кредити на бизнисите и на домаќинствата. Банката на Албанија го подигнат плафонот на кредити што комерцијалните банки можат да ги добијат од централната банка и објави дека ако има понатамошно ограничување на ликвидноста, може да пристапи кон квантитативно олеснување

[6] За повеќе информации види World Bank Policy Note on Borrower Relief Measures in ECA, April 2020; http://pubdocs.worldbank.org/en/993701588092073659/Borrower-Relief-Measures-Note-for-ECA.pdf.

преку, на пример, откуп на владини хартии од вредност и во краен случај користење на резервите во рамки на статутарните ограничувања. На крајот, властите во Албанија, БИХ, Црна Гора, Северна Македонија и во Србија објавија директна финансиска поддршка за бизнисите преку кредити и кредитни гаранции што ќе се дистрибуираат преку развојните финансиски институции, преку нови гарантни фондови и преку банкарскиот систем.

WORLD BANK GROUP

РРедовен економски извештај за Западен Балкан бр.17 | пролет 2020

Погледнете го извештајот на следниот линк: www.worldbank.org/eca/wbrer

Ти и јас
од Тања Бурзановиќ (Црна Гора)

Др. Тања Бурзановиќ има големо искуство од областа на графички дизајн, графика во архитектура, внатрешен дизајн. Таа работела како уметнички директор, внатрешен дизајнер и графички дизајнер. Повеќето од нејзините уметнички изложби се одржале на различни места. Има добиено многу награди за нејзините уметнички и литературни дела. Таа издала книга со наслов Меѓусебната поврзност помеѓу „Светот на уметноста“, со поддршка од Амбасадата на Индија за Австрија и Црна Гора во Виена. Нејзината уметничка филозофија вклучува прикажување на меѓусебно поврзување помеѓу уметничките светови (просторни и временски уметности). Уметникот на тој начин медитира помеѓу природата и духовите, а сепак произлегува од апсолутната идеја и служи на целта за реализација на апсолутен дух. „Разбирањето на значењето преку формата“ е задача на уметноста поставена од современ мислител да докаже дека градежните форми и создавање смисла се два истовремени, испреплетени и апсолутно неразделни процеси во уметноста. Без тоа признание не е можно да се преземе понатамошен чекор во истражувањето на природата на уметноста и литературата. Таа верува дека уметноста е начин за пребарување на вистината. Уметноста е неразделна од пребарувањето на вистината.

Луѓето создаваат идеи, луѓето ги обликуваат соништа, а луѓето создаваат уметност. За да се поврзат локалните уметници со пошироката публика, на насловната страна на овој извештај и следните изданија ќе биде претставена уметност од земјите од Западен